Економија

## МИНАА ПОВЕЌЕ ОД ЧЕТИРИ МЕС ДДВ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ РЕПРО

# ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ "СТЕНКААТ" И СО НАМАЛЕНИОТ ДАНОК

**И по неколку месеци, откако стапи на сила намалениот ДДВ за земјоделските репроматеријали од 18 на 5 отсто, позитивните ефекти од оваа мерка земјоделците сè уште не ги почувствувале. Кајмакот од намалениот ДДВ најчесто го собираат трговците кои ги формираат крајните цени врз основа на сопствените математики.**

**Иако некои трговци на земјоделски репроматеријали ги намалија цените по одлуката на Владата за намалување на ДДВ од 18 на 5 отсто, за жал, повеќето не го сторија тоа.**

**"Но, ние мораме да набавуваме од нив, бидејќи тие се официјални застапници на одредени репроматеријали кои ги користиме во нашето работење. Затоа, гледано во глобала, ефект од намалениот ДДВ во земјоделството нема", велат во земјоделските аптеки.**

Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

Цените на голем дел од репроматеријалите во земјоделството се останати исти, а кајмакот од намалениот ДДВ најчесто го собираат трговците кои ги формираат крајните цени врз основа на сопствените математики. Нема ефект од намалениот данок за земјоделските репроматеријали, се жалат земјоделците. Иако пред неполни пет месеци овој данок падна од 18 на 5 отсто, сепак тоа не ги намали нивните трошоци за семе, семенски материјали и за ѓубрива. Напротив, сега се жалат дека купуваат по иста или по повисока цена.

"Сè купивме, но по стара цена. Секое наводно намалување е лага, еве една вреќа ѓубре сега чини 1.000 денари, а пред тоа ја плаќавме по 850 денари. Ништо не е намалено и многу е тешко за земјоделците", велат претставниците на земјоделците.

Најевидентен пример на непочитување на владината одлука или, пак, остварување екстра профит од разликата во цена може да се забележи кај семенскиот материјал за градинарски култури. Ваквата состојба на теренот целосно ја девалвира владината одлука, чија цел беше да се стимулира земјоделското производство за побогат и поквалитетен род.

## ДЕЛУМНО НАМАЛУВАЊЕ

"Иако некои трговци на земјоделски репроматеријали ги намалија цените по одлуката на Владата за намалување на ДДВ од 18 на 5 отсто, за жал, повеќето не го сторија тоа, а ние мораме да набавуваме од нив, бидејќи тие се официјални застапници на одредени репроматеријали кои ги користиме во нашето работење. Гледано во глобала, ефект од намалениот ДДВ во земјоделството нема, а нема ниту намалување на трошоците на нашето работење", велат од "Екоградинар" од Струмица.

Според производителите на храна од скопскиот регион, ефектот од намалувањето на ДДВ е дискутабилен, бидејќи тоа ги нема опфатено сите неопходни репроматеријали за земјоделството, а и онаму каде што треба да се примени, одлуката не е целосно имплементирана.

"Цените на земјоделските репроматеријали не се намалени секаде. Покрај ова, а дури и со намален ДДВ, репроматеријалите се скапи за нас, со оглед на



ИГРИТЕ ОКОЛУ НАМАЛУВАЊЕТО НА ДДВ МОЖАТ ДРАСТИЧНО ДА ГО НАМАЛАТ ДОМАШНОТО ПРОИЗВОДСТВО АКО РЕПРОМАТЕРИЈАЛИТЕ НАВИСТИНА НЕ ПОЕВТИНАТ

# ЕЦИ ОТКАКО ВЛАДАТА ГО НАМАЛИ МАТЕРИЈАЛИ ОД 18 НА 5 ОТСТО

## ИСТИ ЦЕНИТЕ ВО СТРУМИЧКО

**Земјоделските аптеки во Струмичко сè уште ги продаваат по речиси исти цени вештачките ѓубрива, заштитните препарати и останатите репроматеријали, семињата, иако Данокот на додадена вредност е намален од 18 на 5 отсто. Цените на семињата за рана зелка и домати се намалени од 300 до 200 денари, а некои семиња сè уште се продаваат по старите цени или дури се и поскапи. Во пресрет на новата раноградинарска сезона слична е состојбата и со цените на вештачките ѓубрива, полиетиленското платно за фолијарно производство и средствата за заштита. Годинава раноградинарското производство во Струмичко ќе биде застапено на 3.500 до 4.000 хектари. За сеидба на овие површини со ран зеленчук во домашните земјоделски аптеки има доволно од сите видови семиња со потребни сертификати и гаранции. Но, во дел од домашната трговска мрежа може да се сретнат и семиња со сомнителен квалитет или со лажни декларации.**



**УВОЗНИТЕ СЕМИЊА, ПОКРАЈ НАМАЛЕНИОТ РОД, ВО СЕБЕ КРИЈАТ ОПАСНОСТ И ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ПРОИЗВОДИТЕ, КОИ КАКО КРАЈНА ДЕСТИНАЦИЈА ЌЕ ЗАВРШАТ НА ПАЗАРИТЕ**

тоа дека повеќе од 95 отсто од земјоделците се нерегистрирани и немаат никаква можност за враќање на овој данок, а регистрирањето е невозможно во услови кога не постојат никакви правни договори меѓу преработувачите и производителите", вели Жугиќ.

Според првиот човек на еден од поголемите дистрибутери на земјоделски репроматеријали во земјава "Агроунија", Огнен Оровчанец, ефектот од намалениот ДДВ се чувствува само кај одредени производи.

"Намалување на цените има кај семенската пченица, што предизвика и зголемување на нејзината потрошувачка, додека цените на вештачките ѓубрива е останата иста, бидејќи на светските берзи се зголеми цената на азотот. Доколку не се намалеше ДДВ, цената на вештачките ѓубрива ќе одеше нагоре за 13 проценти. Вака барем нивната цена го задржа претходното ниво", вели Оровчанец.

## БУГАРСКО СЕМЕ

Поради високите цени на земјоделските суровини во Македонија, производителите на градинарски култури од повеќе региони во земјава и оваа година дел од семенскиот материјал го набавуваат од соседна Бугарија. Во моментов е актуелна и директната понуда на бугарско семе од страна на тамошните трговци, кое е со сомнителен квалитет. Според експертите, со таквата практика земјоделците ризикуваат да добијат производство со послаб квалитет или на одделни површини тоа сосема да потфрли. За земјоделците единствено решение на овој проблем е да се намалат цените на семенските материјали, барем за износот на намалениот ДДВ. Покрај ова, по воведувањето на визите за нашите граѓани, бугарските трговци сега директно ги нудат кесичките со разни семиња во населените места од повеќе региони во земјава. Според Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со набавката на семенски материјал без соодветна декларација земјоделците ризикуваат да добијат производство со послаб квалитет или на одделни површини тоа сосема да потфрли како што се случуваше минатите сезони. Со ваквата ситуација на терен не се исполнија пресметките на Министерството за финансии и на специјалната студија изработена од агроекономски експерти дека со намалувањето на ДДВ земјоделците ќе заштедат околу три милиони евра, колку што изнесува буџетската дупка по основ на оваа мерка. Агроекспертите, пак, сметаат дека со намалувањето на Данокот на додадена вредност од 18 на 5 проценти Владата губи пет милиони евра од Буџетот, меѓутоа може многу повеќе да добие од оствареното производство.

Овие констатации ги потврдуваат и земјоделските аптеки. Велат, кога стапила на сила одлуката тие ги намалите цените, но откако трговците на големо ги зголемиле, цените повторно останале исти за крајните корисници.

"Ние во аптеките се придржувавме, но увозниците ја зголемија маржата и сега повторно е истата цена", велат некои сопственици на земјоделски аптеки.

Поради тоа, иако во Министерството за финансии пресметале дека оваа мерка ќе ја чини државната каса 190 милиони денари, а ќе заштедат земјоделците, тие досега не го почувствувале ќарот.

